РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОДБОР ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА
НА КВАЛИФИКАЦИИ
KËSHILLI PËR KORNIZËN NACIONALE
TË KUALIFIKIMEVE
Бр.-Nr. 2106-1
13.02. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 8, а во врска со член 18 став 1 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/13 и 30/16), Одборот за национална рамка на квалификации, на седницата одржана на 31.01.2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за формирање на Секторска комисија за здравство и социјална заштита

1. Со оваа одлука се формира Секторска комисија за здравство и социјална заштита.

2. За членови на Секторската комисија за здравство и социјална заштита се назначуваат:

   - Давор Политов од Министерство за образование и наука;
   - Душан Томшиќ од Министерство за за труд и социјална политика;
   - Михало Костовски од Министерство за здравство;
   - Соња Славковиќ од Центарот за стручно образование и обука;
   - Абдураман Мемети од Биро за развој на образованието;
   - Маја Крстевска од Центар за образование на возрасни;
   - Проф. д-р Алма Тасевска од Интеруниверзитетска конференција;
   - Билјана Христовска од Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија;

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации упати барање бр. 2109-8/1 од 23.01.2019 година со критериуми за назначување на членови за формирање на Секторска комисија за здравство и социјална заштита.

На седницата одржана на 31.01.2020 година, Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации, утврди дека врз основа на барањето се доставени номинаци: бр. 08-1822 од 08.02.2019 година од Министерство за образование и наука, бр. 08-1008/2 од 08.02.2019 година од Министерство за труд и социјална политика, бр.22-8153/2 од 08.01.2020 година од Министерство за здравство, бр. 03-48/3 од 27.01.2020 година од Центарот за стручно образование и обука, бр. 03-265/2 од 15.02.2019 година од Биро за развој на образованието, бр. 03-875/2 од 11.11.2019 година од Центарот за образование на возрасните, бр. 19-419/7 од 18.03.2019 од Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија, бр. 0201-135/1 од 13.12.2019 година од Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното Националниот одбор на Македонска рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОР ЗА НАЦИОНАЛНА
РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Борчо Алексов

Доставено до:
- Одделение за Национална рамка на квалификации
- именуваните

изготвил: Екрем Иљаз
одобрил: Кети Костовска